**Република Македонија**
**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**Број: 02-8127/2**
**15.12.2006 год.**
**С к о п ј е**

# ЗАПИСНИК
## од VI-та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

*одржана на 15.12.2006 година во 10:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Тони Димовски, раководител на Сектор-Буџет во Министерството за финансии- заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *ТрајчеЛеов, претставник на Стопанска комора на Македонија -член.*

*Управниот одбор на ФЗОМ ја констатира промената на членот на УО и едногласно го назначи Аљбон Џемаили за претседател на УО на ФЗОМ, во согласност со Деловникот за работа на УО на ФЗОМ.*

**ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:**

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Д-р Љатиф Аљиљи, заменик директор на ФЗОМ*
- *Слаѓана Пешевска, шеф на кабинет*
- *Ромела Поповиќ, пом. директор за финансии*

- *Герасим Тренчевски, пом.директор за план и анализа (делумно присутен)*
- *Стојан Петревски, правник (делумно присутен)*
- *Лазар Трајчев, правник*
- *Цветанка Кормушевска, правник*
- *Елизабета Лејтнер, фармацевт*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*

*На седницата, во делот за Позитивната листа, присуствуваше м-р Илчо Захариев, директор на Бирото за лекови при Министерството за здравство, во својство на предлагач на новата Позитивна листа.*

*Пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Предлог- одлука за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година;*
- *Предлог-одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување (член 49);*
- *Изјава од член на УО на ФЗОМ, д-р Владо Вановски;*
- *Заклучоци од четвртата седница на УО на ФЗОМ;*
- *Копии од акти на Фондовите (за Правилниците) од Службени весници на РМ.*

*Аљбон Џемаили ја отвори седницата, го констатира оправданото отсуство на член на Уо д-р Владо Ванковски и* ***го предложи*** *следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

*- усвојување на записник од петтата седница на УО, оджана на 02.11.2006 година*

1. *Предлог-одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Позитивна листа на лекови) ;*
2. *Разгледување на Програмата за работа на ФЗОМ, изготвена од директорот на Фондот Георги Тренкоски;*
3. *Разгледување на барање за откуп на побарување на Фондот, поднесено од МРТТ ДОО Скопје, со мислење на стручната служба ;*
4. *Информација за измена на општите акти на Фондот што се однесуваат на начинот на плаќање на здравствените услуги (шест предлог-правилници и една предлог-одлука);*
5. *Месечен извештај за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ за октомври 2006 година;*
6. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари -септември 2006 година и предлог- одлука за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година;*
7. *Предлог-одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување (член 49);*
8. *РАЗНО*

*а) Предлог за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - информација;*

*б) Усвојување на предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*

*ц) Барања бр.10-7835/1 од 10.11.2006 година од Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо -Охрид и Барање бр.02-4598/3 од 13.12.2006 година од ПЗУ Специјална болница по физикална медицина и рехабилитација Дебарски бањи-Цапа , со мислење од стручните служби;*

*д) Предлог- одлука за изменување на Одлуката за определување месечен паушален надоместок на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*е) Приговор бр. 04-8605/1 од 29.11.2006 година од Михајло Костовски.*

*Управниот одбор, во интерес на посериозно и поаналитично разгледување на барањата под точка 8.ц), а со оглед на веќе утврдените приоритетни проблематики, ги одложи барањата под точка 8.ц) за една од наредните седници, а во точката 1 од дневниот ред се додава: ,,а во врска со спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,, и едногласно* ***го усвои и утврди*** *следниот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *усвојување на записник од петтата седница на УО, оджана на 02.11.2006 година*

1. *Предлог-одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Позитивна листа на лекови), а во врска со спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Разгледување на Програмата за работа на ФЗОМ, изготвена од директорот на Фондот Георги Тренкоски;*
3. *Разгледување на барање за откуп на побарување на Фондот, поднесено од МРТТ ДОО Скопје, со мислење на стручната служба ;*
4. *Информација за измена на општите акти на Фондот што се однесуваат на начинот на плаќање на здравствените услуги ( шест предлог-правилници и една предлог-одлука);*
5. *Месечен извештај за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ за октомври 2006 година;*
6. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари -септември 2006 година и предлог- одлука за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година;*
7. *Предлог-одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување (член 49);*
8. *РАЗНО*

*а) Предлог за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - информација;*
*б) Усвојување на предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
*ц) Предлог одлука за изменување на Одлуката за определување месечен паушален надоместок на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*
*д) Приговор бр. 04-8605/1 од 29.11.2006 година од Михајло Костовски.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

***- Усвојување на записникот од Петтата седница на УО, одржана на 02.11.2006 година***

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го усвоија записникот од петтата седница на УО на ФЗОМ, без забелешки на текстот.*

***ТОЧКА 1*** *- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Позитивна листа на лекови) ), а во врска со спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*М-р Илчо Захариев, од позиција на директор на Бирото за лекови, ги образложи мотивите за пречистување на старата Позитивна листа на лекови и го аргументира, низ конкретни примери, императивот за донесување на нова Позитивна листа. Комисијата при Министерството за здравство, формирана од лица компетентни за таа проблематика, констатирала дека последниве три години има застој во нејзино осовременување и усогласување со последните научни достигнувања во фармакологијата. Притоа, особено се водело сметка за потребите на пациентите и нивното снабдување со најквалитетни лекови, секако во согласност со средствата со кои располага Фондот за здравствено осигурување. Опфатени се 33 генерики во сите сфери, според научни достигнувања.Тој нагласи дека оваа нова листа активно ќе се надградува и сукцесивно менува според светските трендови.*

*Во дискусијата зедоа учество: д-р Љубиша Каранфиловски (акцент ставен на финансиските импликации на Фондот), м-р Маријана Лончар Велкова (даде поддршка на излагањето), директорот Георги Тренковски ( здравствената политика не е компетенција на Фондот, но меѓународниот тендер е во моментов приоритет и поради зголемениот интерес од страна на Светска банка ); Трајче Леов (заинтересиран за заштедите што ги нуди оваа листа и за зајакнување на превенцијата на болестите); Елизабета Лејтнер (објасни дека сите лекови на тендерската листа се регистрирани во МЗ, а Фондот ја прифаќа проверката на квалитетот, направена од страна на Бирото за лекови; во оваа листа има индикациони ограничувања-финансиски нема) и м-р Борис Јосифовски.*

*На самата седница, а во функција на информирање на членовите на Управниот одбор за конкретна активност на Бирото за лекови, на присутните им беше поделено Известувањето од Бирото за лекови упатено до Светската банка.*

*После обемната дискусија Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***На меѓународниот тендер да се оди со пречистен текст на важечката листа на Лекови од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Позитивна листа на лекови) ;***
2. ***Новата позитивна листа на лекови и понатаму останува предмет за дискусија на овој УО на ФЗОМ, како и предмет на доработка на Комисијата формирана за таа намена, поради потребата од дополнителни Cost –Benefit анализи, со усогласени ставови на релација Министерство за здравство-Министерство за финансии-Фонд;***
3. ***Управниот одбор на ФЗОМ даде согласност за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во примарната и болничката здравствена заштита), согласно Законот за јавни набавки.***

***ТОЧКА 2*** *- Разгледување на Програмата за работа на ФЗОМ, изготвена од директорот на Фондот Георги Тренкоски;*

*Директорот на Фондот Георги Тренковски даде кусо образложение пред членовите на УО на ФЗОМ за досегашната работа (првите сто дена) на новиот раководен тим на Фондот, а во согласност со проектираните цели и задачи за реализација, поставени во неговата Програма. Притоа, во делот на финансиското работење свое излагање имаше и Ромела Поповиќ(со акцент на финансиско менаџирање на Фондот и обврските спрема ММФ), како и Слаѓана Пешевска, во делот на човековите ресурси и напорите за професионализација на Фондот.*

*Во дискусијата учество зедоа м-р Маријана Лончар Велкова, д-р Љубиша Каранфиловски, Тони Димовски и Трајче Леов.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ ја усвои Програмата на директорот Георги Тренковски и се информира за резултатите од досегашните залагања во Фондот, според насоките зацртани во Програмата и даде позитивно мислење за она што е реализирано.***

***ТОЧКА 3 -** Разгледување на барање за откуп на побарување на Фондот, поднесено од МРТТ ДОО Скопје, со мислење на стручната служба ;*

*После усното образложение на Стојан Петревски, во дискусијата зедоа учество м-р Маријана Лончар Велкова, м-р Борис Јосифовски, Тони Димовски и заменик-директорот Љатиф Аљиљи.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го прифати барањето за откуп на побарување на Фондот, поднесено од МРТТ ДОО Скопје и, Фондот, според член 105 од Законот за стечај, може да го продаде своето побарување, зголемено за каматата што е утврдена од страна на судот.***

***ТОЧКА 4**- Информација за измена на општите акти на Фондот што се однесуваат на начинот на плаќање на здравствените услуги (шест предлог-правилници и една предлог-одлука)*

*Претставникот на стручната служба на Фондот, Лазар Трајчев, ја образложи потребата од менување на општите акти на Фондот што се однесуваат на начинот на плаќање на здравствените услуги,поради ревидирањето на сите досегашни договори со ПЗУ и ЈЗУ и склучување на нови, со нови критериуми, според ЗЗО.*

*М-р Маријана Лончар Велкова, со чија дискусија се согласи и директорот Георги Тренкоски, изрази незадоволство бидејќи никој не го информирал ниту консултирал Фондот за измените во ЗЗО. Таа инсистираше да се нотира нејзината сугестија за инфо-едукативна стратегија за осигурениците на ВЕБ-страницата на Фондот , заради*

*олеснување на начинот на добивање информации, како приоритетен субјект во фокусот на интересот на Фондот.*

*Со оглед дека во однос на оваа точка од Дневниот ред, членот на УО д-р Владо Ванковски, во отсуство, депонира писмена сугестија во делот на примарната стоматолошка здравствена заштита што ја прочита претседателот Аљбон Џемаили, членовите на Управниот одбор, во контекст на новонастанатите промени, а во интерес на поквалитетно и поекспедитивно работење на Фондот, едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ ги донесе следните акти:***

1. ***Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи, кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарна здравствена заштита;***
2. ***Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита;***
3. ***Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита;***
4. ***Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар;***
5. ***Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствени установи кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита;***
6. ***Одлука за утврдување на критериуми за склучување на договори и утврдување на потребен број на фармацевтски тимови на подрачјето на Република Македонија;***

- ***Скратен состав од членовите на УО да го образложат својот став пред д-р Владо Ванковски ;***
- ***За идната седница да се побара писмена согласност од д-р В.Ванковски;***

7. ***Управниот одбор ја задолжи стручната служба за правни работи да ги подготви барањата за согласност на донесените правилници до Министерството за здравство,а потоа најитно да се објават во Службен весник на РМ.***

***ТОЧКА 5-*** *Месечен извештај за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ за октомври 2006 година;*

*Дискусиите околу Месечниот извештај за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ за октомври 2006 година главно се сведоа на констатацијата за дисбалансот помеѓу намалени дозначени средства-зголемени обврски и на забелешки околу табеларниот приказ и формата на обрасците.Во дискусијата зедоа учество: Георги Тренковски, Ромела Поповиќ, м-р Маријана Лончар Велкова, Трајче Леов, д-р Љубиша Каранфиловски, Тони Димовски и Герасим Тренчевски. Претставниците на Фондот објаснија дека е ова привиден дисбаланс кој треба да се нормализира со ребалансот и дека во моментов се работи на промена на обрасците, а извештаите ќе бидаат покомплетни и поквалитетни,со примена на правила за месечно следење на состојбите во ЈЗУ (проверки, контроли), како би можело за 2007 година да се излезе со прецизно проектирани бројки.*

*Членовите на УО на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

**1. УО на ФЗОМ го усвои Месечен извештај за извршување на Буџетот на Фондот и буџетите на ЈЗУ за октомври 2006 година;**
**2.УО на Фондот покрена иницијатива директорите на 15 најголеми ЈЗУ, повремено да даваат отчет во делот на финансиското работење пред Управниот одбор на ФЗОМ.**

***ТОЧКА 6-*** *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари -септември 2006 година и предлог- одлука за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година;*

*Членовите на Управниот одбор имаа слични забелешки и пофалби за Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари -септември 2006 година како и за Месечниот извештај за октомври месец 2006 година.*
*Дискутираа: д-р Љубиша Каранфиловски и Георги Тренкоски.*
*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ ја усвои Анализата за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари -септември 2006 година;***
2. ***УО на ФЗОМ донесе Одлука за измена и дополнување на Одлуката за буџетски плафони на ЈЗУ за 2006 година.***

***ТОЧКА 7-*** *Предлог-одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување (член 49);*

*Образложение за Предлог-одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување (член 49) даде Цветанка Кормушоска, која рече дека членот 49 од истиот Правилник претставува право на осигуреникот за лекови кои не ги содржи Позитивната листа на лекови и, во исто време, претставува паралелна листа на Фондот, што пак директно има негативни импликации врз финансиското работење на Фондот. Од тие причини се предлага да се брише членот 49.*

*УО на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ донесе одлука за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување.***

***ТОЧКА 8-*** *РАЗНО*

***8.а)-*** *Предлог за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - информација;*

*Слаѓана Пешевска ја образложи потребата од менување на систематизацијата која не соодветствува со реалните кадровски потреби на современото работење со Фондот, менување на Статутот и воведување на пишани процедури во насока на поквалитетна и поефектна оперативна соработка и комуникација помеѓу вработените.*

*Членовите на Управниот одбор на Фондот својата дискусија ја насочија кон прашања во врска со тоа колку систематизацијата кореспондира со реалните потреби и дали би имала негативни фискални импликации(Тони Димовски), дали има преврaботеност и доволна ангажираност на веќе постоечкиот кадар, со акцент врз рационализација со соодветна професионална поставеност (Трајче Леов). М-р Маријана Лончар Велкова предложи соодветна едукација на вработените , подобро информирање на членовите на УО во насока на што поконструктивни дискусии од нивна страна и побара информации за измените во ЗЗО и во кој домен.*

*Во дискусијата зеде учество и д-р Љубиша Каранфиловски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

**З а к л у ч о к:**

1. **УО на ФЗОМ го усвои Предлогот за измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;**
2. **Се задолжува стручната служба за правни работи да побара согласност од Министерството за здравство.**

**8.б)-** *Усвојување на предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

**З а к л у ч о к:**

**1.УО на ФЗОМ донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;**
**2.УО на ФЗОМ ја задолжи стручната служба веднаш да побара согласност од Министерството за здравство, а потоа Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала,според Законот, да се објави во Службен весник на РМ.**

**8.ц)-** *Предлог одлука за изменување на Одлуката за определување месечен паушален надоместок на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Управниот одбор на ФЗОМ, во согласност со насоките од Владата на РМ, писмо бр. 19-5077/1 од 24.10.2006 година за утврдување на паушалниот надоместок во апсолутен износ, а не во процентуален, како досега, едногласно донесе*

**З а к л у ч о к:**

**1.УО на ФЗОМ донесе Одлука за изменување на одлуката за определување месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;**
**2.Се задолжува стручната служба актот веднаш да го достави на увид до Владата на РМ-Генерален секретар.**

***8.д)-*** *Приговор бр. 04-8605/1 од 29.11.2006 година од Михајло Костовски.*

*Управниот одбор на ФЗОМ го разгледа Приговорот на Михајло Костовски и едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го отфрли приговорот како неоснован.***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 14:00 часот.*

***Записничар,***
*Мирјана Масевска*

***Управен одбор,***
***претседател,***
***Аљбон Џемаили***